ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

јуни 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено / E pranuar: 24. 06. 2025

| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojce | Вредност / Vlerë |
|---|---|---|---|
| 08 | 36361/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139,144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка.

Пратеници:

В О В Е Д

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се уредуваат видовите на придонеси за задолжително социјално осигурување, обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка, роковите на плаќање на придонеси, контрола на пресметување и уплата на придонеси, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на придонесите.

Во Република Северна Македонија демографските показатели укажуваат на континуиран пад на наталитетот и стареење на населението, што претставува сериозен предизвик за економскиот и социјалниот развој на државата. Семејствата со повеќе деца се соочуваат со зголемени финансиски трошоци за издржување на децата, особено мајките со повеќе деца се ограничени поради отежнат пристап на пазарот на трудот и недоволна поддршка од страна на работодавачите. Во исто време, постојаниот систем на придонеси и давачки за задолжително здравствено осигурување не предвидува специфични мерки или олеснувања кои би ги поттикнале работодавачите да вработуваат лица од оваа категорија. Ова придонесува за зголемена ранливост на мајките со повеќе деца и нивна недоволна економска активност, што се одразува и на социјалната стабилност на семејствата.

Истражувањата укажуваат дека жените, особено мајките со повеќе деца, се соочуваат со сериозни пречки при вклучувањето во формалната економија, што најчесто произлегува од трошоците за згрижување на деца, недостигот од флексибилни работни услови, но и од перцепцијата на работодавачите за "зголемен ризик" при вработување на мајки со повеќе семејни обврски. Како резултат на тоа, овие жени почесто се наоѓаат во неформални форми на работа, или во целосна економска неактивност, што директно влијае врз нивната финансиска независност, пристап до социјални и здравствени права, како и врз целокупната благосостојба на децата во тие семејства.

Со цел да се надминат овие предизвици и да се стимулира вработувањето на оваа особено чувствителна група, се предлага дополнување на предлог законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, со кој се утврдува право на целосно ослободување од обврската за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување за период од 36 месеци, доколку работодавачот вработи мајка со најмалку три живородени деца, под услов истата да не била во работен однос кај истиот работодавач најмалку една година пред вработувањето. Ова е важна заштитна одредба која има за цел да се спречи формално пререгистрирање на веќе вработени лица во иста правна структура, и така да се зачува јавниот интерес и целта на предложеното законско решение.

Исто така, работодавачот се обврзува да го задржи лицето во работен однос уште 36 месеци по истекот на периодот на ослободување, што претставува стабилен

механизам за задржување и долгорочна вклученост на мајката на пазар на труд. Со оваа временска рамка од вкупно 72 месеци, се обезбедува сигурност и континуитет, како за работничката, така и за работодавачот.

Се ова претставува дел од поширока визија за поврзување на демографската политика со пазарот на труд и социјалната инклузија, со што државата испраќа јасен сигнал дека е подготвена да го препознае и поддржи значењето на мајчинството како општествен ресурс, наместо како пречка за економска активност.

Заради горенаведените причини потребно е брзо донесување на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на овој Предлог закон е да се поттикне вработувањето и економската активност на мајките со три или повеќе деца преку создавање на поволни услови за нивното вклучување на пазарот на трудот. Со ова Предлог законско решение се овозможува ослободување на работодавачите од обврската за уплата на придонеси за здравственото осигурување за новоработените мајки со три или повеќе деца, со што се намалуваат трошоците за нивно вработување. Предлог Законот има за цел унапредување на социјалната сигурност на семејствата со повеќе деца.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, се потребни финансиски средства и истиот ќе има финасиски последици врз Буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 142/2008, 62/2009, 64/2009, 156/2009, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 150/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 8/15, 20/15, 48/15, 75/15, 129/15, 217/15, 190/16, 171/17; 35/18 и 247/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 251/22 и 3/25), главата ,,X” се менува и гласи: ,,ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ”.

Член 2

Пред членот 26 се додава нов наслов кој гласи:

„Ослободување од обврската и мирување на обврската за плаќање на придонеси”.

Член 3

По членот 26 се додава нов наслов и нов член 26-а кој гласи:

„Ослободување од плаќање на придонесите за здравственото осигурување за нововработени мајки со три или повеќе деца

Член 26-а

(1) Обврзникот за пресметка и уплата на здравствените придонеси -работодавач кој вработува мајка со три или повеќе живородени деца се ослободува од обврската за уплата на придонес за задолжително здравствено осигурување за нововрабoтена мајка во период од 36 месеци од денот на нејзиното вработување.

(2) Ослободувањето од став 2 на овој член се однесува само на нови вработувања односно на лица кои во моментот на склучување на договорот за вработување не биле во редовен работен однос кај истиот работодавач во претходните 12 месеци.

(3) Работодавачот е должен да го задржи лицето од став 1 на овој член уште 36 месеци, по истекот на периодот во којшто е ослободен од плаќање придонеси од задолжително здравствено осигурување.

(4) Обврзникот за плаќање на придонеси-работодавачот кој вработува мајка со три или повеќе живородени деца е должен да достави соодветна документација до ФЗО

кои ги исполнуваат условите 2 и 3 од овој член како и изводи од матичната книга на родени за децата на нововработената мајка.“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Предлог законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување содржи 4 члена.

Со членот 1 и член 2 се менува насловот на главата ,,X” и се додава наслов на членот 26 кој гласи: ,,Ослободување од обврската и мирување на обврскта за плаќање на придонеси”.

Со членот 3 се предвидува финансиско олеснување на работодавачите кои ќе вработат мајка со три или повеќе живородени деца. Работодавачот се ослободува од обврската за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување за нововработените мајки во период од 36 месеци од денот на вработувањето, како и обврска на работодавачот да ја задржи на работа во период од 36 месеци по завршувањето на обврската за ослободување од задолжително плаќање на придонеси за здравственото осигурување.

Со членот 4 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и прават единствена правна целина.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се обезбедат позитивни социјални и здравствени последици. Ќе се придонесе кон полесно вклучување на мајките на три или повеќе деца на пазарот на трудот, со оглед на тоа што ќе се намалат трошоците на работодавачите при нивното вработување. Со создавање на услови за вработување на мајките од оваа категорија, ќе се подобри нивната финансиска состојба и ќе се поддржат семејствата кои носат поголем товар во одгледувањето на деца. Очекуваните ефекти од предложеното законско решение е зголемено формално вработување на мајки со три или повеќе деца, зголемување на социјалната сигурност на семејствата со повеќе деца, намалување на родовата нееднаквост во економската активност, поттикнување на работодавачите да преземаат општествена одговорност и долгорочно, индиректен позитивен ефект врз наталитетот и структурната демографија на земјата.

Текст на одредби од законот кои се менуваат или дополнуваат

## Глава X

## ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА И МИРУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ

### Член 26

За време на мирување на работниот однос кое на вработениот му е одобрено во согласност со законот кој ги уредува работните односи, мирува и обврската за плаќање придонеси, освен ако со закон поинаку не е определено.